# КРАТОК ВОДИЧ ЗА ПРОЦЕСОТ НА ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Согласно членот 104 од Законот за здруженија и фондации (Сл. весник на Р. Македонија бр. 52/2010), организациите (здружение, фондација, сојуз и организациски облик на странска организација) се должни во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон да ги усогласат актите со овој закон и да извршат пререгистрација во регистарот.

## 1 ШТО И КОГА ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ?

Сите организации треба да:

- го усогласат статутот и другите акти согласно одредбите од новиот закон;
- поднесат пријава за запишување на усогласувањето во регистарот. Со пријавата се поднесуваат и други документи (страна 4).

**РОКОТ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА АКТИТЕ ИСТЕКУВА НА 24 АПРИЛ 2011 г.**

*Сите урнеци за потребните документи при пререгистрацијата можете да ги најдете на www.mcms.org.mk*


МЦМС

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

www.mcms.org.mk
preregistracija@mcms.org.mk
телефон - 02/ 3065 381
факс - 02/ 3065 298

# 2 КАКО ДА СЕ ИЗВРШИ И ПОДГОТВИ УСОГЛАСУВАЊЕТО НА АКТИТЕ?

Усогласувањето на актите, пред сè на статутот, подразбира вршење одредени измени и дополнувања на основниот нормативен акт на организацијата, односно дополнување на статутот со одредбите коишто се предвидени со новиот закон, а не се содржани во постоечкиот статут на организацијата. Исто така при ова усогласување организацијата треба да ги изостави или измени одредбите коишто постојат во постоечките статути, а не се во согласност со новиот закон. Дополнително, организациите во своите статути може да предвидат одредби коишто ќе регулираат специфични прашања  за нивното работење, а коишто не се експлицитно предвидени во членовите 18 и 31 од ЗЗФ, под услов истите да не се спротивни на ЗЗФ или на кој било друг закон.

Кај организациите чии што постоечки статут е во потполна согласност со одредбите од новиот закон,  треба да достават нов статут во кој што би била изменета само преамбулата (повикување на новиот закон) и преодните и завршните одредби  (одредбите за престанок на важењето на стариот статут и стапувањето во сила на новиот статут).

Во процесот на подготовка на новиот (или измена на постоечкиот) статут, особено треба да се одговори на следниве прашања:

- Дали со статутот се регулирани сите прашања коишто мора да се регулирани според новиот закон?
- Дали статутот на организацијата содржи некои решенија коишто не се во согласност со новиот закон, па треба да се изменат или да се изоставаат?
- Дали треба да се направат и некои други измени на статутот?
- Кои други општи акти треба да се усогласат со новиот закон и со измените во статутот?

# 3 КАКО ДА СЕ СПРОВЕДЕ ПОСТАПКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА АКТИТЕ?

Постапката за подготовки на предлог за нов статут и неговото усвојување треба во целост да се спроведе во согласност со одредбите на постоечкиот статут на организацијата. Во таа постапка, треба да се почитуваат одредбите на постоечкиот статут за тоа:

- кој може да предложи измени, односно донесување на новиот статут;
- кој орган е надлежен за одлучување за новиот статут;
- кој е потребниот кворум за полноважност на одлучувањето;
- со кое мнозинство може да се усвои новиот статут.

Сите фази на спроведувањето на постапката треба уредно да се документираат и во записниците на седницата на собранието/органот којшто е задолжен за донесување на статутот точно и јасно да се констатираат сите факти коишто се од значење за полноважно одлучување (датум и место на одржување на седницата; дневен ред; број на присутни членови, предложена одлука за соодветното гласање и донесената одлука и сл.).

Во преамбулата на статутот треба да се повикате на одредбите на новиот закон коишто се однесуваат на содржината на статутот (чл. 18 или 31) и на преодната одредба којашто се однесува на усогласување на актите (чл. 104). Исто така во преамбулата треба да се наведе и кој орган и кога го донел новиот статут, а во завршните одредби да се утврди престанокот на важење на стариот и стапувањето во сила на новиот, односно изменетиот статут.

# КОИ ДОКУМЕНТИ ТРЕБА ДА СЕ ПРИЛОЖАТ ПРИ ПРЕРЕГИСТРАЦИЈАТА?

4

По усвојувањето на новиот (изменетиот) статут од страна на собранието/органот задолжен за донесување на статутот, а најдоцна во рок од 30 дена, застапникот на организацијата кон пријавата за запишување на усогласувањето (образец ПП), треба да поднесе и:

- Записник од седницата на собранието/органот задолжен за донесување на статутот;
- Список на сите членови на собранието потпишан од страна на претседателот/застапникот на организацијата и заверен со печат од истата;
- Список на присутни членови на седницата на собранието со потпис од секој присутен, потпишан од претседателот на организација-та/претседавач со седницата на собранието/органот надлежен за донесување на статутот и заверен со печат на истата;
- Одлука за усогласување;
- Одлука за промена на статутот;
- Примерок од статутот;
- Изјава заверена кај нотар потпишана од застапникот со која се потврдува дека вршењето на дејноста е во согласност со закон и дека се исполнети условите за упис;
- Фотокопија од документ за идентификација за застапникот по закон на организацијата.

Доколку при усогласувањето се направат и други измени, се поднесуваат и други акти (на пример, акт за избор на застапникот на здружението, акт за избор на органи и членови на органите и сл.).

# 5 СПОРЕДБА НА СОДРЖИНАТА НА СТАТУТИТЕ СОГЛАСНО ЗЗГФ / ЗЗФ

| Содржина на статут согласно ЗЗФ (2010 г.) | Содржина на статут согласно ЗЗГФ (1998 г.) |
|---|---|
| Име и седиште [чл. 8, 9] | Име и седиште |
| Цели на организацијата | Цели и задачи, облици и начин на дејствување |
| Дејности со кои се остваруваат целите | |
| Вид на органите и нивниот состав, начин на избор и разрешување... [за здруженија чл. 21-26 и за фондации чл. 33-36] | Органи, начин на нивни избор и отповикување и нивниот меѓусебен однос |
| ... траење на мандатот на членовите во органите и начин на одлучување [за здруженија чл. 24] | Траење на мандатот на органите и начинот на одлучување на членовите |
| Начин на стекнување и располагање со средствата [чл. 48-50] | Стекнување и располагање со имот |
| Начин на остварување на јавност и отчетност во работата [чл. 11, 53] | Остварување на јавност во работата |
| | Определување услови за основање ограноци (организациски единици) |
| Начин на одлучување за зачленување, за исклучување и престанок на членувањето во организацијата [за здруженија чл. 19] | Услови и начин на пристапување и исклучување од здружението |
| Права, обврски и одговорности на членовите [за здруженија чл. 19, 20] | |
| Застапување по закон [за здруженија чл. 25, за фондации чл.36] | Претставување и застапување во правниот промет и кон трети лица |
| Начин на одлучување за статусни промени и престанок на организацијата [чл. 59-62 и 63-67] | Престанок на здружението |
| Постапување со средствата и/или имотот во случај на престанок на организацијата [чл. 54, 55 и 68-71] | Постапување со имотот на здружението во случај на престанок |
| Други прашања утврдени со закон | Други прашања утврдени со закон |
| Начин на донесување финансиски и други извештаи | |
| Начин на донесување, изменување и дополнување на статутот | |
| Начин на донесување планови и програми | |

**Со статутот на организацијата можат да се уредат и:** Знакот на организацијата; Внатрешните организациски форми (подружници, ограноци и сл.), ако ги има; Начинот на донесување на другите акти; Судир на интереси [за ОЈИ чл. 78]; Начин на разрешување спорни прашања; Други прашања од значење за работата на организацијата

# ПРИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА АКТИТЕ ТРЕБА ДА СЕ ИМА ПРЕДВИД И СЛЕДНОВО: 6

**Име на организацијата**: Секоја организација регистрирана според одредбите од новиот закон треба да осигура дека во името е содржан зборот здружение, или фондација или сојуз или друг израз со слично значење определен со статутот на организацијата.

**Непрофитност на организациите**: Значајна новина со Законот е можноста организациите да остваруваат приходи, но истите мора да бидат искористени за целите на организацијата утврдени со статутот. Ова значи дека не мора да се основа трговско друштво во случаите кога се вршат дејности од кои што се стекнува добивка. Секако, организациите не се спречени да основаат трговски друштва за дејности поразлични од статутарно предвидените, но за нив ќе важат правилата пропишани со Законот за трговски друштва.

**Дејности со кои се остваруваат целите**: Организациите во своите статути, покрај целите и задачите, треба да наведат и дејности со кои се остваруваат целите, а согласно Националната класификација на дејности.

**Статус на организација од јавен интерес**: Организациите треба да имаат предвид дека со новиот закон имаат право да се стекнат со статус од јавен интерес. Статусот е доброволен, па според тоа и обврските и правата коишто произлегуваат од овој статус не се задолжителни за сите организации. Во процесот на пререгистрација, организациите коишто имаат намера во иднина да се пријават за стекнување на статус од јавен интерес, добро е да ги предвидат и критериумите и другите обврски кои што произлегуваат од овој статус, како на пример: да пропишат правила за судир на интереси, да имаат задолжителен орган за надзор и сл.